FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

8

# МОНИТОРИНГ НА ПРОЦЕСОТ НА ЈАВНИ НАБАВКИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## Осми квартален извештај

2010

**Мониторинг на процесот на јавни набавки во РМ**
**Петти квартален извештај**

Издава:
**Фондација институт отворено општество – Македонија**

За издавачот:
**Владимир Милчин, извршен директор**

Автори:
**Сабина Факиќ, Герман Филков, Вања Михајлова, Мирослав Трајановски, Дамјан Шишковски и Елена Ристевска**
**Центар за граѓански комуникации, Скопје**

Уредници:
**Фани Каранфилова Пановска**
**Кире Миловски**
**Ана Медарска**

Лектура:
**М-р Татјана Б. Ефтимоска**

Ликовно-графичко обликување:
**Бригада дизајн**

Печати:
**Пропоинт**

Тираж:
**250 примероци**

FOUNDATION OPEN SOCIETY INSTITUTE MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ИНСТИТУТ ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

CIP-Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски", Скопје

35.073.53:005.584.1(497.7)

МОНИТОРИНГ на процесот на јавни набавки во Република Македонија : осми квартален извештај / [автори Сабина Факиќ ... и др.; уредници Фани Каранфилова Пановска, Кире Миловски, Ана Медарска]. - Скопје : Фондација Институт отворено општество - Македонија, 2011. - 36, 36 стр. : табели ; 14x20,5 см.

Насл. стр. на припечатениот текст: Monitoring the implementation of public procurements in the Republic of Macedonia: eight quartely report. - Обата текста меѓусебно печатени во спротивни насоки. - Текст на мак. и англ. јазик

ISBN 978-608-218-104-2

1. Факиќ, Сабина [автор]
а). Јавни набавки - Мониторинг - Македонија - 2010

COBISS.MK-ID 87712266

# 8

**КВАРТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ**

ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ
ОД МОНИТОРИНГОТ НА ПРОЦЕСОТ
НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ
ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СОДРЖИНА


7 Клучни наоди

9 Цели и методологија

11 Детален извештај од кварталниот мониторинг на јавните набавки

30 Анализа на постапките пред државната комисија за жалби по јавни набавки за периодот јануари-декември 2010 година

# КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| БЈН | Биро за јавни набавки |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ДКЖЈН | Државна комисија за жалби по јавните набавки |
| ДО | Договорни органи |
| ЕО | Економски оператори |
| ЕСЈН | Електронски систем за јавни набавки |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЗЈН | Закон за јавните набавки |
| РМ | Република Македонија |
| ЦГК | Центар за граѓански комуникации |

## КЛУЧНИ НАОДИ

- Критериумите за квалификација на фирмите за учество на тендерите ја ограничуваат конкуренцијата и фаворизираат одредени понудувачи.

- Во речиси половина од мониторираните постапки, понуди доставиле максимум по две фирми, со што продолжува трендот на мала конкуренција во значаен дел од тендерите.

- Користење несоодветни елементи за оценка на понудите. Бодирањето на понудите според роковите за испорака и за плаќање, како и според елементи кои треба да се користат за оценка на способноста на фирмите а не на нивните понуди, и натаму е критична точка во сферата на јавните набавки.

- Тендерските спецификации во некои случаи се користат за фаворизирање на одредени понудувачи. Дел од договорните органи постапуваат спротивно на членот 36 од Законот за јавни набавки и со бараните карактеристики на производите однапред го диктираат епилогот на набавките.

- Проблемот со поништувањата на тендерите само навидум стивнува. Иако во мониторираниот примерок се забележува намалување на бројот на поништени постапки, сепак нивниот број расте според податоците во електронскиот систем.

- Вредноста на непосредните спогодби без објавување оглас и натаму расте. Тренд на пораст на трошењето на јавните пари преку директни договори е констатиран и во четвртиот квартал од 2010 година и во текот на целата година, во која се склучени вакви договори во вредност од 26,3

милиони евра, што е за 3,4 милиони евра повеќе од 2009 година.

- Институциите не ја остварија законската обврска за спроведување на е-аукции. Наместо законски предвидените 30%, во 2010 година се спроведени е-аукции во само 14,8% од вкупниот број на постапки.

- Транспарентноста на институциите е во подем. Зголемен е бројот на известувања за јавните набавки како во рамките на мониторингот, така и во однос на Електронскиот систем за јавни набавки. Сепак, дел од институциите и натаму ја претпочитаат тајноста, наместо транспарентноста.

- Доминантен дел од договорните органи го почитуваат законскиот рок за донесување одлука за избор на најповолна понуда.

- Договорните органи и натаму не доставуваат до фирмите детални известувања за донесените одлуки за изборот.

- Намалување на барањата за плаќање надомест за подигнување на тендерската документација.

- Банкарска гаранција за доставување понуда е побарана во 40% од постапките, што е на ниво од претходниот квартал.

- Зголемен е бројот на уважените жалби на фирмите од страна на Државната комисија за жалби по јавните набавки, од 25,9% во 2009 година на 31,1% во 2010 година, во однос на вкупно поднесените жалби. Порасна и одлуките на Комисијата за целосно поништување на постапките, што упатува на зголемување на повредите на Законот за јавни набавки од страна на договорните органи.

# ЦЕЛИ И МЕТОДОЛОГИЈА

Центарот за граѓански комуникации од Скопје, од ноември 2008 година наваму, континуирано го анализира спроведувањето на процесот на јавни набавки во РМ, кој е регулиран со Законот за јавни набавки. Целта на анализата е да оцени како се спроведува процесот на јавни набавки во светло на новиот Закон за јавни набавки и дали и колку функционираат основните принципи на јавните набавки: транспарентност, конкурентност, еднаков третман на економските оператори, недискриминација, законитост, економично, ефикасно, ефективно и рационално користење на буџетските средства, настојување да се добие најдобрата понуда под најповолни услови, како и отчетност за потрошените средства кај набавките.

Анализата на процесот на јавни набавки во РМ се прави врз основа на мониторинг на случајно избрани постапки за јавни набавки (по 40 на секое тримесечје). Мониторингот започнува од објавите на повиците во „Службен весник“, преку присуство на јавните отворања, до собирање податоци за текот на постапката преку длабински интервјуа и структурирани прашалници кои им се доставуваат на економските оператори, како и од податоците собрани од договорните органи преку барања за пристап до информации од јавен карактер.

Анализата во овој извештај е направена врз основа на мониторинг на избран примерок од 40 постапки на договорни органи на централно ниво и на локално ниво, чиешто јавно отворање на понудите се одвиваше во периодот од октомври до декември 2010 година. Во текот на овој квартал, се следеа и постапките за јавни набавки кои ги спроведуваат договорните органи на локално ниво, односно општините или органите под нивна надлежност. Станува збор за навистина огромна бројка набавувачи, која неколкукратно ја надминува бројката на договорни органи на централно ниво, иако повеќето од нив, во однос на средствата со кои располагаат за јавни набавки и според бројот на

спроведените постапки, може да се категоризираат како мали набавувачи. Во согласност со утврдената методологија, во четвртиот квартал од 2010 година беа мониторирани 25 постапки од договорни органи на централно ниво и 15 постапки кои се спроведени на локално ниво, од општините Куманово, Тетово, Гостивар, Крива Паланка, Велес, Теарце и јавните претпријатија основани од нив. Во овој квартален период, заедно со извештајот и наодите од мониторингот на постапките за јавни набавки за последното тримесечје од 2010 година, се поместени и статистички податоци, анализи и наоди за целата 2010 година, како и наоди од анализата на жалбениот процес и постапките пред Државната комисија за жалби по јавните набавки за цела 2010 година.

Овој Извештај за резултатите од мониторингот на процесот на јавни набавки е изработен во соработка и со финансиска поддршка на фондацијата „Институт отворено општество Македонија“.

# ДЕТАЛЕН ИЗВЕШТАЈ ОД КВАРТАЛНИОТ МОНИТОРИНГ НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

> **Критериумите за квалификација на фирмите за учество на тендерите ја ограничуваат конкуренцијата и фаворизираат одредени понудувачи.**

Дел од огласите за јавни набавки ја ограничуваат, наместо да ја поттикнуваат конкуренцијата меѓу фирмите. Овој проблем констатиран преку мониторингот произлегува од зачестената практика на институциите, во огласите и во тендерската документација, да поставуваат толку детални критериуми што фирмите треба да ги исполнат за учество на тендерите, што тие можат да се сметаат за дискриминаторски. Станува збор за т.н. критериуми за оценка на економската и финансиската состојба на фирмите, како и на нивната техничка или професионална способност. Со овие критериуми главно се дефинираат минимумот годишни приходи или добивка што фирмата треба да ги остварува за да може да учествува на тендерот; потоа бројноста, образовната структура и искуството на кадарот што треба да го има; вредноста на претходни договори со други добавувачи; стандардите за системи за квалитет што треба да ги поседува и сл. Овие критериуми треба да им помогнат на институциите да изберат солидни фирми, кои ќе имаат капацитет за квалитетно извршување на договорите за јавна набавка. Но, мониторингот на јавни набавки открива дека дел од договорните органи ги злоупотребуваат овие критериуми и ги користат како механизам за ограничување на конкуренцијата меѓу фирмите и за фаворизирање на големите добавувачи, дури и на некои конкретни добавувачи. Во мониторираниот пример евидентирани се неколку такви случаи. Државна образовна институција набавува горива и масла за моторни возила и како минимум критериуми за

утврдување на техничката и професионална способност на економските оператори, вели дека тие мора да имаат повеќе од 50 бензински станици низ РМ (минимум една во градовите: Скопје, Куманово, Тетово, Гостивар, Дебар, Струга и Кичево), како и можност за плаќање со картички. Разбирливо, на овој оглас се јави само еден нафтен дистрибутер, со којшто е склучен договорот.

Во друга постапка за јавна набавка, за изработка на студија за системи за наводнување, едно министерство бара од понудувачите долга листа на предуслови, со чиешто читање се наметнува прашањето дали се поставуваат критериуми за оценка на способноста на понудувачите или се опишува некоја конкретна фирма. Имено, во огласот се бара економскиот оператор да има вработени тројца градежни инженери, од кои минимум двајца да имаат над 10 години работен стаж и да поседуваат А овластување за проектирање во согласност со Законот за градба; двајца инженери од хидротехничка насока, од кои минимум еден да поседува А овластување за проектирање во согласност со Законот за градба. Потоа, економскиот оператор да има изработено техничка документација за минимум еден систем за наводнување на површини над 3 000 хектари. Во огласот детално се разработува дури и проектниот тим што ќе треба да ја изработува студијата. Тимот треба да биде во следен состав: еден проект-координатор кој ќе биде доктор на технички науки – градежен инженер од хидро-насока; минимум тројца градежни инженери со искуство за проектирање системи за наводнување и водоснабдување, од кои двајца од хидротехничка и еден од конструктивна струка; минимум еден електроинженер; минимум еден машински инженер со специјалност пумпи и пумпни растојанија; минимум еден инженер-геолог, специјалност инженерска геологија или гео-техника; минимум еден геодетски инженер; минимум еден инженер агроном и друг кадар како експерти за животна средина, инженер за компјутерска обработка и слично (минимум двајца извршители). Списокот на услови што требаше да ги исполнат понудувачите за да се пријават на овој тендер продолжуваа со барања проект-координаторот да биде во редовен работен однос кај економскиот оператор најмалку 2 години и да има

минимум десетгодишно работно искуство. Поединечното искуство на преостанатите стручни членови од екипата да не е помало од 3 години. На вака детално разработените услови за кадровски профил се пријавила само една фирма, со која министерството го склучило договорот за изработка на студијата.

Еден понудувач имаше и во постапката за јавна набавка за осветлување на државен објект, а во која се бараше годишен обрт од 40 милиони денари, најмалку 3 договори од последните 5 години во поединечна вредност не помала од 5 милиони денари, изјава за број на вработени, нивна стручна квалификација и кратка биографија, најмалку 10 вработени од областа на електротехничките струки, 3 лица со високо образование од областа на електротехничките струки од кои минимум едно лице да поседува овластување Б за инженер за изведба во согласност со Законот за градба; лиценца Ц за изведувач во согласност со Законот за градба.

Освен деталните описи на критериумите за докажување на способноста на фирмите, во мониторираните постапки констатирано е и нивно поставување во насока на можно фаворизирање на големи компании. Имено, како минимум кои фирмите-понудувачи мораа да го исполнат во набавка на услуга за изведба на електрични инсталации за осветлување и сигнализација на површинска крстосница, е наведен минимален годишен приход од 700 000 евра, потоа раководителот на работите да биде дипломиран електроинженер со работно искуство на слични работи од најмалку 8 години, а заменикот-главен инженер да биде дипломиран сообраќаен инженер со работно искуство од најмалку 6 години. При вака поставени услови, секако, се наметнува прашањето како институцијата која набавува дошла до прецизните бројки за минимум работно искуство од 8, односно 6 години, и како е утврдено дека токму толку години искуство е релевантно за квалитетно извршување на набавката. При вака поставени услови за понудувачите, на тендерот се пријавиле само две големи градежни компании, но не и други фирми од бизнисот на осветлување и поставување сигнализација.

Дека критериумите за докажување на способноста на фирмите се од витално значење за иницирање конкуренција, потврдува и случувањето во уште една тен-

дерска постапка, каде што од фирмите се бараше да имаат имплементирано неколку ИКТ стандарди. Притоа, од две добиени понуди, едната фирма, чија понуда беше за 35% поевтина, е исклучена од евалуацијата затоа што не беа прифатени сертификатите за имплементирани стандарди од фирмата поддржувач. По жалбата на дисквалификуваната фирма, одлуката на договорниот орган беше потврдена и од Државната комисија за жалби по јавните набавки. Оттука останува нејасно зошто фирмите поддржувачи можат да ги компензираат недостатоците на фирмите-понудувачи во однос на работното искуство, на капиталот што го поседуваат, како и во однос на други сертификати и потврди, но не и за имплементирани стандарди.

Сите овие примери на поставување на критериумите за докажување на способноста на фирмите за учество на тендерите недвосмислено го даваат одговорот на прашањето зошто, кај значен дел од постапките за јавни набавки, се јавуваат мал број понудувачи. Несоодветните, тенденциозно деталните, а во некои случаи и високите критериуми што фирмите треба да ги исполнат за да учествуваат на тендерите, во практиката претставуваат сериозна бариера кон поголема конкуренција помеѓу фирмите.

**Препорака:** Воведување контрола на огласите и на тендерските документации, со цел договорните органи навремено да се спречуваат да ги злоупотребуваат критериумите за квалификување на фирмите за учество на тендерите како механизам за ограничување на конкуренцијата и за фаворизирање на одредени понудувачи.

> **Во речиси половина од мониторираните постапки понуди доставиле по две фирми максимум, со што продолжува трендот на мала конкуренција во значаен дел од тендерите.**

Во 45% од постапките од мониторингот во четвртиот квартал од 2010 година, понуди доставиле две, една или ниту една фирма. Притоа, во дури 22,5% од овие постапки, понуди доставила само една фирма.

Проблемот со малата конкуренција е констатиран кај постапките спроведени од институциите и на национално, и на локално ниво. Годишниот просек на постапки од мониторираниот примерок со мал број понудувачи изнесува 38% (во првиот квартал уделот на постапки со мал број понудувачи изнесуваше 20%, во вториот квартал 40%, во третиот 47,5% и во четвртиот квартал 45%). Овој тренд е загрижувачки со оглед на тоа што конкуренцијата во постапките за јавни набавки треба да резултира со пониски цени и со подобар квалитет на набавените стоки, услуги и работи, односно со добивање најдобра вредност за потрошените пари.

Кога станува збор за малата конкуренција кај значаен дел од постапките за јавни набавки, треба да се има предвид дека ова е сериозен проблем што не може да се воочи без подетална анализа. Имено, досегашната практика е конкуренцијата да се анализира преку просечниот број понудувачи на тендерите. Доколку и во рамките на мониторингот се применеше тој концепт, проблемот со малата конкуренција кај значаен дел од тендерите ќе беше занемарен. Имено, просечниот број понудувачи и во годишниот примерок на мониторингот е 5 фирми, што е идентично со просекот на учесници во отворената постапка за доделување договор и во барањата за прибирање понуди со оглас пресметани од Бирото за јавни набавки во Годишниот извештај за 2009 година. Нереалната слика ја креираат дел од тендерите, каде што бројот на понудувачи е исклучително голем. Станува збор за т.н. деливи тендери, преку кои се купуваат по неколку видови производи или услуги, особено карактеристични за медицината, како и набавки кои им припаѓаат на сектори со нагласена конкуренција, како на пример, информатичката опрема, канцеларискиот материјал и сл.

**Препорака:** Надминувањето на овој проблем треба да се бара во подобрување на сите критични точки во системот на јавни набавки кои делуваат дестимулирачки за бизнис-секторот и ја гушат неопходната конкуренција.

> **Користење несоодветни елементи за оценка на понудите. Бодирањето на понудите според роковите за испорака и за плаќање, како и според елементи кои треба да се користат за оценка на способноста на фирмите, а не на нивните понуди, и натаму е критична точка во сферата на јавните набавки.**

Овој проблем, на којшто постојано се укажува во наодите од мониторингот на јавните набавки, беше значително присутен и во последниот квартален период од 2010 година, кога кај договорните органи е регистрирано зачестено користење на елементите рок на испораката, како и рок и начин на плаќањето. Дека овие елементи можат да се злоупотребуваат за фаворизирање на одредени понудувачи, најдобро говорат следниве два примера кои се однесуваат на рокот за испорака. Имено, во една од мониторираните постапки за избор на најповолна понуда на компјутерска опрема, се користеше критериумот ‚економски најповолна понуда', во која цената носеше 70 бода, а рокот на испораката дури 30 бода. Во евалуацијата, договорниот орган избра понуда која е за 16% поскапа, само затоа што фирмата се обврза да ги достави компјутерите ‚веднаш', а поевтината се обврза на рок за доставување од ‚1 ден'. Клучното прашање е дали тие неколку часа можна разлика помеѓу ‚веднаш' и ‚1 ден' на испорака на опремата се доволни за да се платат екстра пари од државниот буџет и дали така ќе постапеле членовите на комисијата ако опремата ја купуваат за себе и ја плаќале од својот домашен буџет.

Во вториот случај, за набавка на софтверски пакет за создавање документи, рокот на испорака на фирмите им носеше до 5 бода. Проблематично е што договорниот орган, кој со самото тоа што определува бодови за рокот на испораката значи дека нема време за чекање, одлуката за избор ја донесе дури по завршувањето на законски определениот рок за тоа, а чекаше и уште еден месец за да го склучи договорот за јавната набавка, иако во постапката немало жалби.

И покрај јасните законски решенија и инструкциите кои договорните органи ги добиваат од Бирото за

јавни набавки, не сопира ниту бодирањето на понудите со елементи кои треба да се користат за оценка на способноста на понудувачите, а не за нивните понуди. Станува збор за елементите како што се техничка опременост, кадровска опременост, референтна листа и компетентност на понудувачот, кои се бодираа главно со 10 до 20 бода. Со примената на овие елементи за оценка на понудувачите, всушност, им се дава предност на поголемите компании, што само по себе не е гаранција за квалитетна и финансиски поволна понуда, но секако ја загрозува позицијата на малите и средни претпријатија со добри производи и квалитетни услуги.

Во мониторираниот примерок евидентиран е и случај во кој буквално ниту еден бод не се доделува за цената на понудата. Станува збор за набавка на авионски карти, каде што критериумот ,економски најповолна понуда' опфаќаше број на инсталирани резервациски линии на системот АМАДЕУС – 25 бода, транспорт на патниците од Скопје до аеродромот „Александар Велики" и обратно – 25 бода, рок на плаќање на резервираните и купените билети – 25 бода, број на вработени лиценцирани лица овластени за користење на глобалниот резервациски систем АМАДЕУС – 25 бода. Дека не станува збор за набавка во која цената не може да се определи поради природата на набавката, потврдуваат други мониторирани постапки, во кои за купување авионски карти како критериум се користи ,најниска цена'.

Сите овие примери недвосмислено говорат дека сè уште постои широк простор за подобрување на начинот на кои државните институции и на национално, и на локално ниво ги користат критериумите за избор на најповолна понуда.

**Препорака:** Бирото за јавни набавки да изработи препораки и насоки за договорните органи заради усогласено и прецизно дефинирање на критериумите и нивна доследна примена.

> **Тендерските спецификации во некои случаи се користат за фаворизирање на одредени понудувачи. Дел од договорните органи постапуваат спротивно на членот 36 од Законот за јавни набавки и со бараните карактеристики на производите, однапред го диктираат епилогот на набавките.**

Спротивно на член 36 од Законот за јавни набавки, дел од институциите дефинираат тендерски спецификации кои упатуваат на конкретен производ што може да го обезбеди само одредена фирма. На овој начин директно се нарушува принципот на еднаков третман и недискриминација на понудувачите.

Така, фирма-учесник во постапка за набавка на санитетско возило укажува дека карактеристиките на возилото дадени во техничката спецификација биле препишани со исти изрази и термини за да одговараат на фаворизираниот понудувач. Сомнежот дека целата набавка била однапред договорена, фирмата го аргументира и со рокот од 15 дена за доставување на возилото, кој е прекраток за вакви специјализирани возила, како и со податокот дека иако тендерски документации подигнале 13 фирми, на крајот биле доставени понуди само од две фирми.

Во друга набавка, друга фирма-учесник вели дека тендерската спецификација фаворизирала одреден понудувач преку начинот на кој биле поделени деловите од набавка и преку спецификацијата на опремата која, инаку, требало да се отстапи на користење за купените реагенси и потрошен материјал за анализи. Фирмата вели дека спецификацијата упатувала на определен тип на анализатор кој можела да го понуди само фаворизираната фирма.

Во овој квартал е забележано дека фирмите почнуваат да се жалат пред Државната комисија за жалби по јавните набавки и во однос на тендерските документации, што не беше случај во претходниот период, кога мониторингот констатираше дека економските оператори во интервјуата често се жалат на дискриминаторска тендерска документација и спецификација, но ретко ги користат овие проблеми како основа за жалба до Државната комисија за жалби по јавните набавки.

**Препорака:** Потребно е натамошно охрабрување на економските оператори да доставуваат жалби до ДКЖЈН секогаш кога ќе констатираат дека техничките спецификации упатуваат на конкретен производ или понудувач. Само низ навремени и издржани жалби може да се влијае врз создавање подобар систем за јавни набавки.

> **Проблемот со поништувањата на тендерите само навидум стивнува. Иако во мониторираниот примерок се забележува намалување на бројот на поништени постапки, сепак нивниот број расте според податоците во електронскиот систем.**

Во четвртиот квартал од 2010 година, поништени се 17,5% од постапките во мониторираниот примерок, што е најнизок удел на поништени постапки во однос на вкупно спроведените во текот на целата година. Притоа е значајно да се напомне дека сите одлуки за поништување се донесени од самите договорни органи, односно нема поништување од страна на ДКЖЈН. Дека високиот број на поништувања на постапките за јавни набавки е сè уште проблематичен, потврдуваат податоците од Електронскиот систем за јавни набавки, кои се анализираат во секој квартал заедно со анализата на податоците од мониторираниот примерок. Имено, во четвртиот квартал од 2010 година (со датум на пребарување на системот заклучно со 01.02.2011), донесени се 594 одлуки за поништување на постапки за јавни набавки од 2010 година. (За истиот овој период, до системот се доставени вкупно дури 884 одлуки, но значаен дел од нив се задоцнети известувања за укинување на тендери од 2008 и 2009 година, кои сепак не се земени предвид во анализата за да се дојде до релевантни податоци за поништувањата на постапки само од 2010 година.) Бројката од 594 поништени постапки во четвртиот квартал од 2010 година претставува пораст за дури 51,9% во однос на истиот квартал претходната година, кога се донесени 391 одлука за поништување на постапките за јавни набавки.

Со оглед на сериозноста на проблемот со поништувањата, во рамките на овој мониторинг е направена и подетална статистичка анализа на причините за поништување на тендерите во четвртиот квартал од 2010 година. Произлегува дека најчесто користена законска одредба за поништување на постапките, и тоа во 29,6% од случаите, е дека не е поднесена ниту една прифатлива понуда. Ова значи дека имало понуди, но тие според договорниот орган не ги исполниле барањата од тендерската документација и техничките спецификации или не одговарале на сите критериуми, услови и на барањата за способност на понудувачите. Втората најчеста причина за поништување на постапките која била искористена во 20,2% од поништувањата е дека не е доставена ниту една понуда, додека во 13,1% од поништените тендери било оценето дека тендерската документација содржи битни пропусти, што е исклучиво субјективна грешка на самите договорни органи.

Причини за поништувањето на постапките во четвртиот квартал од 2010 година (како процент од вкупно 594-те поништени постапки)



Гледано на годишно ниво, во 2010 година се поништени вкупно 1347 постапки за јавни набавки, што во однос на вкупно објавените огласи за јавни набавки (7091), претставува учество од 19%. Со оглед на задоцнетото испраќање на известувањата од страна на договорните органи до ЕСЈН, можно е овој процент да биде и поголем. Оттука може да се очекува дека во 2010 година процентот на поништени тендери ќе надмине 19,3% на поништени постапки кои се евидентирани за 2009 година, исто така низ детално и темелно пребарување на ЕСЈН. Притоа треба да се напомне дека во бројката на поништени постапки во 2009 година (1329) влегуваат сите поништени постапки за таа година, а кои се објавени во системот од 1.1.2009 до 1.2.2011 година.
Што се однесува на податоците од мониторингот за цела 2010 година, просечниот процент на поништени постапки од сите четири квартали изнесува 21,25%.

**Препорака:** Бидејќи проблемот со поништувањето трае подолго време и создава сомневање за злоупотреба на постоечките законски можности, потребно е ограничување и построго дефинирање на законските можности за поништување на постапките, вклучувајќи и санкционирање во случаите на злоупотреба, со што би се операционализирале и пропишаните законски принципи на ефикасност и рационалност кај јавните набавки.

> **Вредноста на непосредните спогодби без објавување оглас и натаму расте. Тренд на пораст на трошењето на јавните пари преку директни договори е констатиран и во четвртиот квартал од 2010 година и во текот на целата година, во која се склучени вакви договори во вредност од 26,3 милиони евра, што е за 3,4 милиони евра повеќе од 2009 година.**

И покрај тоа што станува збор за постапка во која не е обезбедена ниту минимум транспарентност и која треба да се користи во ретки и исклучителни ситуации, вредноста на договорите склучени со преговарање без објавување оглас и натаму расте. Во четвртиот квартал од 2010 година, вредноста на овие т.н. непосредни договори изнесува 424.564.737 денари, односно околу 7 милиони евра, што е за 38,7% повеќе од истиот период во претходната година.

Договори склучени со преговарање без претходно објавување оглас (во денари)

| | 1.10.2009 - 31.12.2009 | 1.10.2010 - 31.12.2010 | Промена |
|---|---|---|---|
| Број на договори | 205 | 171 | -16,6% |
| Вредност на договорите | 306.106.998 | 424.564.737 | +38,7% |

Извор: Електронски систем за јавни набавки (01.02.2011).

Тренд на пораст на овие договори е регистриран и на годишно ниво, иако податоците за 2010 година може сѐ уште да не се конечни, бидејќи договорните органи доцнат во известувањата за склучените договори. Така, вредноста на склучените договори со преговарање, а без објавување оглас во 2010 година изнесува 1,6 милијарди денари, односно 26,3 милиони евра, што е за 3,4 милиони евра повеќе од 2009 година.

Договори склучени со преговарање без претходно објавување оглас (во денари)

| | 1.1.2009 - 31.12.2009 | 1.1.2010 - 31.12.2010 | Промена |
|---|---|---|---|
| Број на договори | 1015 | 697 | -31,3% |
| Вредност на договорите | 1.410.354.092 | 1.620.808.267 | +14,9% |

Извор: Електронски систем за јавни набавки (01.02.2011) и Годишен извештај на БЈН

Од оваа споредбена анализа произлегува дека договорните органи во 2010 година склучиле помал број вакви договори, но со значително поголема вредност. Овој тренд секако е загрижувачки бидејќи она што е карактеристично за оваа постапка се недостиг на транспарентност, постоење можност за субјективно однесување на главните учесници во постапката, недостиг на контролни механизми и можност од појава на корупивни практики.

**Препорака:** Неопходно е сериозно да се разгледа опцијата, преку интервенции во Законот за јавни набавки, да се ограничи можноста за примена на постапката за преговарање без објавување оглас.

> **Институциите не ја оствариja законската обврска за спроведување е-аукции. Наместо законски предвидените 30%, во 2010 година се спроведени е-аукции во само 14,8% од вкупниот број на постапки.**

Законот за јавни набавки вели дека во 2010 година, секоја институција е должна да користи е-аукција во најмалку 30% од проценетата вредност на набавките. Станува збор за електронски воден процес, во кој фирмите се натпреваруваат која ќе даде пониска цена за подобар квалитет.

Гледано на квартално ниво, институциите најмногу ги користеа е-аукциите токму во четвртото тримесечје од 2010 година. Спроведени се 411 постапки кои завршиле со е-аукција, што е 24,6% од постапките за јавни набавки и претставува огромен скок во однос на претходниот период, но сè уште недоволен за исполнување на законски пропишаниот минимум, макар и во еден одреден квартал. Гледано на годишно ниво, пак, институциите спроведоа е-аукции во 1049 постапки, што е само 14,8% од вкупниот број постапки. Со оглед на тоа што минималниот праг на е-аукции што треба да се спроведат во 2011 година изнесува дури 70%, прашање е како ќе се исполнува оваа цел ако во 2010 година недостижни останаа и 30-те проценти.

Исто така, под очекувањата е и примената на целосно

електронските постапки за јавни набавки. Гледано на годишно ниво, бројот на набавки спроведени по електронски пат изнесува 431, или околу 6,1% од вкупниот број на постапки. Треба да се има предвид дека законот засега не ги обврзува договорните органи на примена на целосно електронски постапки.

**Препорака:** Со оглед на предностите од примената на е-аукциите и на електронските постапки, како што се заштеда на јавните пари и намалување на ризи-ците од злоупотреби, договорните органи не треба да постапуваат спротивно на општиот интерес. Непочиту-вањето на законските обврски во овој дел секако може и треба да се бара и во немањето прекршочни санкции, чиешто воведување станува неминовно. Воедно, пора-ди малата примена на системот за спроведување на електронски постапки, треба да се определи законски минимум и за нив. На овој начин, примената на ЕСЈН нема да зависи од волјата на договорните органи, која очигледно недостасува, и покрај предностите на овој систем.

> **Транспарентноста на институциите е во подем. Зголемен е бројот на известувања за јавните набавки како во рамките на мониторингот, така и во однос на Електронскиот систем за јавни набавки. Сепак, дел од институциите и натаму ја претпочитаат тајноста наместо транспарентноста.**

Договорните органи покажуваат поголема одговорност во однос на почитувањето на нивната законска обврска за доставување податоци за склучените договори. Во рамките на мониторингот, како особено доследни во почитувањето на принципот на транспарентност се покажуваат општините и јавните претпријатија на ло-кално ниво, кои не само што известуваат за своите од-луки за избор на најповолна понуда, туку доставуваат и копии од евалуациите и од тендерските документации.
Во исто време, новините што Бирото за јавни набавки ги вгради во електронскиот систем, а кои ги спречуваат договорните органи да објавуваат нови огласи за набавки доколку претходно не ги објават известувањата

за склучените договори за веќе завршените постапки за јавни набавки, секако дека почнаа да даваат резултати. Во изминатите неколку месеци, Електронскиот систем за јавни набавки е преплавен со известувања за склучени договори од 2008 и 2009 година. Така, бројот на објавени известувања за склучени договори во четвртиот квартал од 2010 година изнесува 3905, што претставува зголемување од 79% во однос на претходниот квартал, кога беа објавени 2194 известувања.

Сето ова потврдува дека транспарентноста е процес врз кој мора да се работи континуирано и со сите средства. Но, дека битката сè уште не е добиена, говори податокот дека дел од договорните органи (министерства кои објавуваат голем број огласи за јавни набавки), сè уште не доставуваат известувања за нивниот епилог. Ова, пред сè, се однесува на министерствата за одбрана, образование и здравство, кои во 2010 година имаат многу поголем број огласи за спроведување постапки за јавни набавки отколку што имаат доставено известувања за склучување договор или за поништување на постапката. Дополнителен проблем што фрла сенка врз законски загарантираната транспарентност на јавните набавки е и податокот дека во четвртиот квартал од 2010 година, дури три институции спречија монитори на ЦКГ да присуствуваат на јавните отворања. Ова е досега најголем обид за спречување на мониторингот во изминатите 2 ипол години, од кога трае овој проект. Притоа, трите институции кои го спречија присуството на мониторите на отворањата на понудите различно ги аргументираа своите одлуки.

Претставниците на Генералниот секретаријат при Владата на РМ тврдеа дека на отворањето понудувачите ќе изнесуваат доверливи податоци. Не помогнаа објаснувањата дека според Законот за јавни набавки, отворањата на понудите се јавни, дека на нив може да присуствува секој граѓанин и дека на јавни отворања доверливи информации не се изнесуваат.

Во Министерството за животна средина и просторно планирање, пак, се повикаа на стар член од Законот за јавни набавки, според кој постапките со е-аукција немаат јавни отворања, иако таа одредба од законот не е на сила уште од крајот на јули 2010 година. Нејасно е

како може претставниците на ова министерство да не ги знаат измените на законот и по четири месеци од нивното стапување во сила.

Во третиот случај, Државниот универзитет во Тетово, без измени во огласот за јавната набавка, на монитор на ЦКГ му соопшти дека доаѓањето во Тетово било попусто и дека отворањето на понудите е одложено на неодредено време. Во очекување на новиот датум за јавното отворање на овој тендер, редовно се следеа огласите и нивните евентуални измени на ЕСЈН. Но, таква измена на огласот не се случи, за потоа, во телефонски разговор со претставниците на Комисијата за јавни набавки на универзитетот, да се дознае дека, всушност, јавното отворање се случило во меѓувреме. Ваквата постапка е спротивна на Законот за јавни набавки, каде што е наведено дека секоја промена во огласот или во тендерската документација мора да биде јавно објавена, и тоа не подоцна од 6 дена пред отворањето на понудите. Оттука, Државниот универзитет не можел без промени во огласот за овој тендер, на своја рака, да го закажува и да го откажува отворањето избегнувајќи го на тој начин присуството на мониторите на ЦГК.

**Препорака:** Надлежните институции и натаму треба да работат врз подигнување на свеста кај институциите за нивната одговорност да работат транспарентно, отчетно и одговорно.

> **Доминантен дел од договорните органи го почитуваат законскиот рок за донесување одлука за избор на најповолна понуда.**

Донесувањето одлука за избор на најповолна понуда во рок што не смее да биде подолг од периодот од објавата на огласот до отворањето на понудите го почитуваа 77,5% од институциите во мониторираниот примерок. Останатите 22,5% и натаму се однесуваат како оваа обврска да не постои и продолжуваат со стариот начин на однесување и одолговлекување на постапките. Во мониторираниот примерок во четвртиот квартал од 2010 година, законскиот рок за донесување

одлука за избор се пробиваше од 2 дури до 56 дена. Несомнено е дека наметнувањето законски обврски за чиешто непочитување не постојат санкции не е ефикасно решение за дел од македонските институции. Значајно е да се нагласи дека доминантен дел од договорните органи во анализираниот примерок кои не го почитуваат законското решение се министерства и владини агенции, наспроти општините и локалните јавни претпријатија кои подоследно го почитуваат законскиот рок.

Значењето на рокот во кој се донесуваат одлуките за избор произлегува оттаму што одолговлекувањето на тендерите ја зголемува неизвесноста на фирмите и отвора можности за нелегални активности со цел побрзо донесување на одлуките за избор на најповолна понуда.

**Препорака:** Воведување санкции за непочитување на крајните рокови за донесување одлука за избор на најповолна понуда. На потребата од вакви законски интервенции упатува не само однесувањето на договорните органи, туку и искуството на другите европски земји.

> **Договорните органи и натаму не доставуваат до фирмите детални известувања за донесените одлуки за изборот.**

И покрај сите досегашни укажувања, и понатаму продолжува практиката на повреда на законската обврска од членот од ЗЈН кој бара од договорните органи детално да ги појаснат причините за донесената одлука, за отфрлање на некоја понуда, како и објаснување зошто прифатливата понуда не е избрана за најповолна. Фирмите најчесто добиваат само известување која понуда е избрана за најповолна. Потсетуваме дека отсуството на детално образложение создава оправдано сомневање кај

фирмите за субјективност при оценувањето на понудите, но и отсуство на правни елементи за обжалување на одлуката од страна на незадоволните учесници во овој процес.

**Препорака:** Повредата на законската обврска од страна на договорните органи, како и толерантниот однос кон ваквите појави од надлежните институции, ја наметнува потребата од воведување санкции за повреда на оваа законска обврска.

> **Намалување на барањата за плаќање надомест за подигнување на тендерската документација.**

Споредено со состојбата на почетокот од мониторингот на јавни набавки во 2008 година, несомнено е дека е направен голем напредок во однос на намалувањето на барањата за плаќање надомест за подигнување на тендерската документација. Во последниот квартал од 2010 година, надомест за подигнување на тендерската документација е побаран само во 27,5% од мониторираниот примерок. Притоа, за тендерската документација се бараа од 500 до 2000 денари, што значи дека е постигнато намалување и во однос на висината на бараниот надомест. Сепак, со оглед на широката достапност на електронските средства, факт е дека позитивните движења треба да завршат со целосно напуштање на практиката за наплата на надомест за подигнување на тендерската документација и обезбедување достапност на документацијата на Електронскиот систем за јавни набавки и на веб-страниците на институциите. Во случаите кога тоа не е можно, потребно е да се примени правилото од другите земји – на фирмите да им се обезбеди непосреден увид во документацијата, за да можат да видат дали воопшто сакаат да учествуваат на тендерот пред да платат за нејзиното подигнување.

**Препорака:** Бројот на објавени тендерски документации на ЕСЈН и на тендерски документации

за чиешто подигнување не се наплаќа надомест и натаму треба да се зголемува. БЈН да продолжи да им укажува и да ги спречува оние договорни органи кои сакаат да наплатат високи суми за надомест за тендерската документација што не одговараат на реалните трошоци.

- **Банкарска гаранција за доставување понуда е побарана во 40% од постапките, што е на ниво од претходниот квартал.**

Во последниот квартален период од 2010 година, банкарска гаранција за доставување понуда во мониторираниот примерок беше побарана во 40% од тендерите, идентично како и во претходниот квартал. Овој процент е нешто поголем на годишно ниво и изнесува речиси 42%. Со оглед на тоа што договорните органи најчесто бараат гаранции во износ од законскиот максимум од 3% од вредноста на понудата, и натаму се наметнува потреба за сведување на овој трошок за фирмите на минимум.

Иако банкарските гаранции се своевиден начин за обезбедување на договорните органи од несериозни понуди, сепак, со оглед на малата конкуренција на тендерите и влошената ликвидност на која укажуваат фирмите, трендот на намалување на барањата за банкарска гаранција се оценува како позитивен.

**Препорака:** Банкарската гаранција да не се поставува како формален услов за учество во секоја постапка за јавна набавка, а во случаите кога се бара гаранција, да се настојува таа да се утврди во помала вредност од законски утврдениот максимум до 3%.

# АНАЛИЗА НА ПОСТАПКИТЕ ПРЕД ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА ЖАЛБИ ПО ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ-ДЕКЕМВРИ 2010 ГОДИНА

> **Зголемен е бројот на уважените жалби на фирмите од страна на Државната комисија од 25,9% од вкупно поднесените во 2009 година, на 31,1% од вкупно поднесените во 2010. Порасна и одлуките на Комисијата за целосно поништување на постапките, што упатува на зголемување на повредите на Законот за јавни набавки од страна на договорните органи.**

Од направената анализа на решенијата што ДКЖЈН ги донесе во периодот јануари-декември 2010 година, констатирано е дека фирмите поднеле вкупно 951 жалба, што е речиси на ниво од 2009 година, кога беа доставени вкупно 960 жалби. Од одлуките кои ги донела ДКЖЈН може да се увиди дека пораснал бројот на уважени жалби во 2010 година. Имено, комисијата уважила 296 жалби на фирмите, што претставува 31,13% во однос на вкупно поднесени жалби.

Во периодот од јануари до декември 2010 година, ДКЖЈН се изјаснила по 951 жалба, при што се донесени 860 одлуки (решенија/заклучоци)[1] од кои:

| Вид на одлуки | Број на одлуки | Во % |
|---|---|---|
| Прекин/запирање на жалбената постапка | 123 | 12,93% |
| Одбиени жалби | 405 | 42,59% |
| Отфрлени жалби | 127 | 13,35% |
| Уважени жалби | 296 | 31,13% |
| **Вкупно во 2010 година** | **951** | **100%** |

Во споредба со 2009 година, кога ДКЖЈН уважила 249 жалби на економските оператори, што претставува 25,94% од вкупно поднесените жалби, може да се

[1] Бројот на донесените одлуки (решенија/заклучоци) по поднесените жалби (860) е помал од бројот на поднесените жалби (982) од причина што за одреден број постапки, со една одлука е решавано за повеќе од една жалба. Имено, во 122 решенија одлучено е за повеќе од една жалба.

констатира дека во 2010 година, процентот на уважени жалби е повисок за 5,19 процентни поени.

Воедно, евидентиран е и тренд на зголемување на поништувањата на постапките. Во 2010 година, учеството на поништените постапки во вкупно уважените жалби изнесува 47,29% или 140 поништени постапки, додека во 2009 година, тој удел изнесуваше 39,76% или 99 поништени постапки. Учеството на укинатите одлуки во уважените жалби за 2010 година изнесува 52,71% или 156 укинати одлуки, а минатата година изнесуваше 60,24% или 150 укинати одлуки.

Фактот што одлука за поништување на постапка/одлука се донесува во случаи кога се сторени битни повреди на постапката за јавна набавка, како што се погрешно и нецелосно утврдена фактичката состојба, погрешна примена на материјалното право или битни повреди наведени во член 210 од ЗЈН, растот од 7,53% укажува дека продолжува трендот на пропусти на договорните органи и низа други сериозни повреди на ЗЈН.

| | **Вид на одлуки на уважени жалби во 2010 година** | |
|---|---|---|
| | **Број на одлуки** | **Во %** |
| Укината одлука | 156 | 52,71 |
| Поништена постапка | 140 | 47,29 |
| **Вкупно уважени жалби** | **296** | **100,00** |

| | **Вид на одлуки на уважени жалби во 2009 година** | |
|---|---|---|
| | **Број на одлуки** | **Во %** |
| Укината одлука | 150 | 60,24 |
| Поништена постапка | 99 | 39,76 |
| **Вкупно уважени жалби** | **249** | **100,00** |

Предмет на оваа анализа беа одлуките кои се однесуваат на: прекинувањето/запирањето на жалбената постапка, одлуките со кои жалбите на економските оператори се отфрлени, одлуките со кои жалбите се

одбиени, одлуките со кои жалбите на економските оператори се уважени, како и одлуките со кои барањата за продолжување на постапката биле одбиени, односно отфрлени.

### Одлуки со кои жалбената постапка е прекината/запрена

Во согласност со одредбите на член 220 став 1, алинеја 1 од ЗЈН, ДКЖЈН донесува одлуки за прекинување на постапката поради повлекување на жалбата од страна на жалителот.

Иако во ЗЈН не е изречно наведено дека жалбената постапка може да се прекине и од други причини, ДКЖЈН донела одлуки за запирање на постапката и во случаи кога договорниот орган, во согласност со одредбите на член 221 од ЗЈН, по приемот на жалбата, нашол дека таа е делумно или целосно основана. Во ставот 1 на цитираниот член е наведено дека договорниот орган во такви случаи може:

- Постоечката одлука да ја стави вон сила;
- Да донесе нова одлука;
- Да ја поништи постапката;
- Да го исправи дејствието;
- Да го преземе дејствието што го пропуштил;
- Да спроведе нова постапка.

Без разлика на можностите кои договорниот орган ги има во согласност со ставот 1 на член 221 од ЗЈН, во суштина се работи за нова одлука со која договорниот орган ги исправа своите „грешки" и која, во согласност со ставот 3 од истиот член, ја доставува до ДКЖЈН.

Одлуки за прекин или запирање на постапките во 2010 година се донесени во 12,93% од вкупно доставените жалби.

### Одлуки со кои жалбите се отфрлени

Овој вид на одлуки е анализиран посеопфатно, со цел да се констатираат грешките кои економските оператори ги прават при вложувањето на жалбите, а поради кои ДЈЖЈН, не навлегувајќи во материјална и суштинска расправа по жалбените наводи, ги отфрла жалбите од формални причини, пропишани со ЗЈН. Освен тоа, целта на анализата на ваквите одлуки на ДКЖЈН беше

и да им се укаже на економските оператори какви грешки прават најчесто при вложувањето на жалбите, односно да им се укаже на тоа дека право на жалба имаат во сите фази на постапката за јавна набавка, почнувајќи од објавувањето на огласот.

Главната причина поради која жалбите најчесто се отфрлаат е поради тоа што се неуредни. Ова значи дека иако договорниот орган вложил жалба, не ја почитувал обврската пропишана со член 212 став 2 од ЗЈН да приложи доказ за уплата на надомест за водење на постапката, чија висина, во зависност од вредноста на договорот за јавна набавка, е пропишана со одредбите на член 229 од ЗЈН. Исто така, одреден број жалби биле отфрлен како неуредни од причина што не биле составени во согласност со ЗЈН, односно не ги содржеле пропишаните податоци и не биле дополнети ниту по оставениот рок од ДКЖЈН.

Тоа што одреден број жалби биле отфрлени како неуредни бидејќи не бил платен надоместокот за водење на постапката не може да се смета како „незнаење" на економските оператори, туку повеќе може да се смета дека ЕО се премислил и решил да не води жалбена постапка. Затоа, пак, отфрлањето на жалбите како недозволени посредно упатува на тоа дека дел од економските оператори недоволно ги познаваат правата кои се однесуваат на поднесување жалба во сите фази на постапката, а од причини наведени во членот 216 од ЗЈН. Непознавањето на ваквото право, во согласност со ставот 4 на цитираниот член, е основа за жалбите да бидат отфрлени како недозволени.

Во 2010 година отфрлени се вкупно 127 жалби, односно 13,35% од доставените.

### Одлуки со кои жалбите се одбиени

Одбиените жалби имаат најголем удел од 42,59% во донесените решенија на ДКЖЈН. Најчеста причина за одбивање на жалбите е тоа што второстепената комисија смета дека договорниот орган доследно ја извршил евалуацијата на понудите и дека жалбените наводи со кои се оспорува одлуката за избор или за поништување на постапката немаат основа. Притоа, жалбите најчесто се однесуваат на пропусти кои

договорниот орган ги направил во евалуацијата на понудите, односно на тоа дека е избрана понуда која не е најповолна и која е неприфатлива.

### Одлуки со кои жалбите се уважени

Како и одлуките со кои жалбите се отфрлаат, така и овој вид на одлуки е анализиран посеопфатно, со цел да им се укаже на договорните органи кои се најчестите причини за уважување на жалбите на економските оператори, а и поради тоа што процентот на уважени жалби е прилично голем.

При уважувањето на жалбите, ДКЖЈН носи одлуки со кои:

- Се укинува одлуката и предметот се враќа на повторно постапување; и
- Се поништува одлуката за избор на најповолна понуда и се поништува постапката.

Во ЗЈН, во одредбите (член 220) со кои се уредуваат видовите на одлуките кои ДКЖЈН може да ги донесе по повод изјавените жалби, поточно во ставот 1 алинеја 4, не е доволно прецизирано во кои случаи одлуките за избор на најповолна понуда можат да се укинат. Прашањето на „укинување" не е уредено ниту со Законот за општата управна постапка, кој покрај ЗЈН, соодветно се применува и врз постапките кои се водат пред ДКЖЈН. Поради недоуреденоста на ова прашање не постои јасна дистинкција за тоа во кои случаи одлуките можат да се укинат, а во кои случаи да се поништат.

Сепак, од анализата на одлуките со кои се уважуваат жалбите на економските оператори произлегува дека ДКЖЈН носи укинувачки одлуки во случаи кога не се сторени толку битни повреди на ЗЈН. Поточно, укинувачки одлуки се донесуваат кога со повторното постапување на договорниот орган можат да се отстранат недостатоците содржани во првичната одлука.

Причините поради кои одлуките за избор се укинати се најразлични, и тоа:

- Договорниот орган извршил неправилна евалуација;
- Договорниот орган ја повредил постапката кога неоправдано го исклучил жалителот од евалуацијата;

- Избраниот понудувач неправилно ја пополнил понудата;
- Избраниот понудувач не ги доставил бараните докази за утврдување на техничко-професионалната способност на начин како што било побарано во тендерската документација;
- Понудата која е избрана за најповолна е неприфатлива, со што е повреден ЗЈН; или
- Договорниот орган погрешно го применил материјалното право, односно ЗЈН.
- Одлуките и постапката се поништуваат во случаи кога се сторени битни повреди на ЗЈН, односно недостатоците на одлуките и воопшто на постапката не можат да се отстранат со повторно постапување на договорниот орган. Поништувачките одлуки особено се донесуваат во случаите кога се сторени битни повреди на постапката за јавна набавка, кога е погрешно и нецелосно утврдена фактичката состојба и кога е погрешно применето материјалното право. Главно станува збор за повеќе битни повреди наведени во член 210 од ЗЈН.

## Одлуки со кои барањата за продолжување на постапката се уважени/отфрлени/одбиени

Кога се во прашање одлуките за продолжување на постапката, што значи склучување на договорот за јавна набавка и покрај тоа што е вложена жалба, ДКЖЈН таквите барања во 2010 година или ги одбивала, или ги отфрлала.

| | Одлуки во однос на барања за продолжување на постапката во 2010 | |
|---|---|---|
| | Број на одлуки | Во % |
| Уважени барања | 0 | 0 |
| Одбиени барања | 24 | 77,41 |
| Отфрлени барања | 7 | 22,59 |
| **Вкупно поднесени барања** | **31** | **100,00** |

| | Одлуки во однос на барања за продолжување на постапката во 2009 | |
|---|---|---|
| | Број на одлуки | Во % |
| Уважени барања | 3 | 8,82 |
| Одбиени барања | 20 | 58,83 |
| Отфрлени барања | 11 | 32,35 |
| **Вкупно поднесени барања** | **34** | **100,00** |